**20160310843**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ, НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2016 година.

Бр. 08-1073/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ, НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ**

Член 1

Во Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на Република Македонија” број 13/96), во членот 74 по став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Образецот на барањето од ставовите (1) и (2) на овој член и потребната документација за остварување на правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.“

Член 2

Во членот 75 став 1 зборот „ писмени“ и зборот „писмено“ се бришат.

Во ставот 2 зборот „писмено“ се брише.

Член 3

Во членот 78 став 1 зборот„писмени“ се брише.

Член 4

Во член 80 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Обрасците на наодите и мислењата од ставот 1 на овој член донесени од надлежните лекарски комисии ги пропишува министерот за труд и социјална политика."

Член 5

Членот 84 се менува и гласи:

„По барањето за остварување на право од членот 18 барањето покренато по службена должност од надлежниот орган од членот 86 став 1 и повторното барање од членот 86 став 4 од овој закон, Управата за прашања на борците и воените инвалиди донесува решение во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Во случај кога барателот е упатен на медицинско испитување од лекарските комисии, Управата за прашања на борците и воените инвалиди донесува решение во рок од 90 дена од денот на приемот на барањето.

Жалбата против решението од ставовите 1 и 2 на овој член се поднесува до Министерството за труд и социјална политика во рок од 15 дена од денот на приемот на решението и не го одлага извршувањето на решението."

Член 6

Членот 85 се брише.

Член 7

Во членот 87 по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Образецот на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација за настанати промени што се од влијание врз правата утврдени со конечно решение ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација."

Член 8

Во членот 90 став 2 се менува и гласи:

„Управата за прашањата на борците и воените инвалиди води евиденција за корисниците на правата од овој закон, донесените решенија и извршените исплати согласно со Законот за општата управна постапка, која содржи лични податоци за корисникот на правото, вид и износ на оствареното право, донесен наод и мислење во прв и втор степен од лекарска комисија, потреба од контролен преглед со датум на контролен преглед и извршени месечни исплати на корисниците на правата од овој закон."

Член 9

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето  во сила на овој закон.

Член 10

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).